Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 24.06.2021

На 24.06.2021 околу 01.00 часот на ул. „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја лишиле од слобода Ф.Ј.(18) од тетовско Добарце, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Таа била задржана во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот, по што ќе ѝ биде изготвен соодветен поднесок.

На 23.06.2021, Министерството за внатрешни работи спроведе зајакната акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 348 возачи. Од нив, 82 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а 17 возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Најголем број од санкциите се изречени на територија на СВР Тетово - 75.

На 23.06.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена засилена контрола во областа на сообраќајот, при што било констатирано дека 60 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената, 19 возачи управувале возило без возачка дозвола, три возила биле со измината регистрација, шест возачи разговарале на мобилен телефон, 14 возачи управувале возило под дејство на алкохол и биле исклучени од сообраќај. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На подрачјето на СВР Тетово на 23.06.2021 била спроведена акциска контрола за брзина со која се движат возилата, во која вкупно биле откриени 69 возила (ТЕ-39 и ГВ-30), кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место. Петнаесет возачи ја пречекориле брзината за повеќе од 70 километри на час над дозволеното (ТЕ-7 и ГВ-8). Сите прекршители се соодветно законски санкционирани.  Покрај нив, санкционирани се и 6 возачи (ТЕ) кои ја пречекориле брзината во населено место за повеќе од 30 до 50 километри на час над дозволеното. Вчеравечер (23/24.06.2021) на ова подрачје била спроведена и акциска контрола за алкохол, во која биле откриени и санкционирани 7 возачи (ТЕ) кои ги управувале возилата под дејство на алкохол. Сите се исклучени од сообраќај и времено им се одземени возачките дозволи. Во акцијата, исто така, санкционирани биле и 9 други видови прекршоци (ТЕ-4 и ГВ-5).

На 23.06.2021, СВР Штип спроведе акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната, при што се изречени 35 мерки. Од нив, осум возачи управувале возило со брзина поголема од пропишаната надвор од населено место и 27 возачи во населено место. При контролата констатирани се и 12 останати прекршоци.

На 23.06.2021 во 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул. „Св.Климент Охридски", ул.„Димитрија Чуповски" и ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје, патничко возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.И.(26) од Скопје, удрило во пешакот С.З.(33) од Скопје. Во незгодата С.З. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 23.06.2021 во 12.00 часот во Полициската станица Аеродром, К.Ч.(70) од Скопје пријавила дека на бул.„Јане Сандански" била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (23/24.06.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 43 прекршоци.

На 23.06.2021 во 10.00 часот во Полициската станица Центар, Ф.С.(24) од Скопје пријавил дека на кеј „Димитар Влахов" бил каснат од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Т.Ј.(42) од с.Големо Радобил, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 12.11.2020, полициски службеници од ОВР Прилеп извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле два ловни карабини STEYR, калибар 8x57 со оптички нишан и STEYR, калибар 7.62мм и 42 парчиња муниција, калибар 7.62мм, за кои не поседувал дозвола.

На 23.06.2021 во 23.10 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Е.Е.(30) од Република Турција, со привремен престој во Скопје, поради сомнение дека околу 22.00 часот, пред угостителски објект на ул.„Казанџиска" во Скопје, пукал од огнено оружје и му нанел повреди на С.Б., исто така, од Република Турција. М.Е.Е. бил приведен и задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.06.2021 во 15.10 часот во Полициската станица Виница, М.Ј.(69) од с.Истибања, виничко, пријавил дека на место викано „Бавчи" во с.Истибања пронашол неексплодирана рачна бомба М-75. Бомбата била подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување, а увид на местото извршила екипа од Полициската станица Виница.

На 23.06.2021 полициски службеници од ОВР Струга ги лишиле од слобода Р.Р.(19) и А.Р.(38), двајцата од Струга, постапувајќи по пријава добиена околу 19.00 часот од Медицински центар Струга, според која кај нив со повреди биле донесени Б.Х.(34) и Д.Х.(30), двајцата од Куманово. По преземени мерки било констатирано дека околу 18.40 часот, на бензинска станица на магистралниот пат А-2, тие биле нападнати со тврди предмети од неколку лица. Р.Р. и А.Р. се приведени и по целосно документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 23.06.2021 во 12.45 часот, Е.И.(39) од Тетово пријавил дека бил вратен неговиот брат Е.И.(41), за кого на 19.06.2021 било пријавено дека се оддалечил од домот.

На 23.06.2021 околу 16.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на железничката пруга Маџари - Скопје, во близина на патниот премин кај Кванташки пазар, непознат сторител одзел  тегови од три столба од контактната мрежа од инфраструктурата на Македонски Железници. Железничкиот сообраќај на тој дел од пругата бил во прекин до 21.30 часот кога биле поставени нови тегови. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.06.2021 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар, во автобус на ЈСП, додека Ф.Б.(37) и неговиот колега Х.М.(35), двајцата од Скопје, вршеле контрола на возните билети, биле физички нападнати од три лица, при што бил употребен и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 23.06.2021 околу 08.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во сопственост стан на подрачјето на Кисела Вода била пронајдена почината К.К.(57) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било предадено за обдукција.

СВР Штип, СВР Охрид, СВР Битола и СВР Куманово поднесоа кривични пријави против Ф.Ј.(20) од Виница, Љ.Д.(53) и В.Д.(47) од Македонска Каменица, Ф.Д.(39) од Кочани, Џ.М.(38) од Виница, А.Д.(29), А.Х.(45), М.А.(29), Ј.С.(40) и Ѓ.Ѓ.(43) од Охрид, М.С.(21), А.Б.(21) и А.Н.(22) од Македонски Брод, Љ.Д.(51) од с.Лескоец, охридско и И.А.(73) од општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените, во периодот од 24.04. до 09.06.2021, се движеле без дозвола за време на забрана за движење.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет